Во согласност со објавениот Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2024/2025 година во Република Северна Македонија од страна на МОН,

**СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“ КАВАДАРЦИ, РАСПИШУВА**

# О Г Л А С

За запишување ученици во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци за учебната 2024/2025 година

**I.** Во прва година ќе се запишат **238** ученици во **7** паралелки според наставните планови и програми за:

**I.1. ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ............................ 170 ученици во 5 паралелки, 60 поени минимум**

- Природно-математичко подрачје (комбинација А и комбинација Б)
- Општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А и комбинација Б)
- Јазично-уметничко подрачје (комбинација А и комбинација Б)

**I.2. ЕКОНОМИЈА, ПРАВО И ТРГОВИЈА ........................... 68 ученици во 2 паралелки, 60 поени минимум**

а) ЕКОНОМСКИ ТЕХНИЧАР .................................... 34 ученици во 1 паралелка

б) ПРАВЕН ТЕХНИЧАР ............................................ 34 ученици во 1 паралелка

**II.** **УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ**

Услови за запишување на учениците се:

- Да имаат завршено основно образование;
- Да не се постари од 17 години;
- Да се определиле за план и програма за Гимназиско образование или Стручно образование и обука;
- Да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Оглас.

**III.** **ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

Учениците ја доставуваат следната документација:

- Пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерството за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страница);
- Оригинални Свидетелства од VI до IX одделение;
- Дипломи (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, насоката, односно изборното подрачје);
- Извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).

**IV.** **КОНКУРСНИ РОКОВИ**

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во јунски уписен рок со две пријавувања. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk

**Првото електронско пријавување** на учениците ќе се врши од **20 јуни** до **25 јуни 2024** година до 15:00 часот. Доставување на потребната документација до училиштата е на **20** и **24 јуни** од 07:00 до 17:00 часот и на **25 јуни 2024** од 07:00-15:00 часот. На **21 јуни**, доставувањето и приемот на потребната документација во училиштата, не се реализира од страна на лица од православна вероисповед.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, училиштето ќе ја објави на **26 јуни 2024** година, најдоцна до 09:00 часот на јавно место во училиштето.

**Второто електронско пријавување** на учениците ќе се врши на **01 јули** и **02 јули 2024** до 15:00 часот. Доставување на потребната документација до училиштата е на **01 јули** од 07:00 до 17:00 часот и на **02 јули** од 07:00 до 15:00 часот. Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, училиштето ќе ја објави на **03 јули 2024** година, најдоцна до 09:00 часот на јавно место во училиштето.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на годината, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после уписниот рок со две пријавувања. Пријавувањето на учениците ќе се врши на **21 август 2024 година од 00:00 часот до 15:00 часот електронски.** Доставување на потребната документација до училиштата е на **21 август** од 07:00 до 17:00 часот. Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, училиштето ќе ја објави на **22 август 2024** година, најдоцна до 12:00 часот на јавно место во училиштето.

**По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа.**

**V. <u>КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ</u>**

Критериуми за избор на учениците се:

- **Средниот успех на ученикот од VI до IX одделение** (за средниот успех може да добие најмногу 50 поени).
- **Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети** (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се значајни за струката, односно изборното подрачје – математика, физика, биологија и историја. Види Информатор). Ученикот може да добие најмногу 20 поени, по 5 поени за секој предмет.
- **Дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари** (организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје. За освоено место од **меѓународни натпревари ученикот може да добие: за I награда или златен медал 5 поени**, **за II награда или сребрен медал 4 поени и за III награда или бронзен медал 3 поени**.

За освоено место од **државни акредитирани натпревари: за I место 3 поени, за II место 2 поени и за III место 1 поен**.

- **Средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение** (може да добие најмногу 5 поени). **Примерно поведение** се вреднува со 5 поени, **Добро поведение** се вреднува со 3 поени и **Незадоволително поведение** се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поени за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со бројот 4.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во училиштето ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени со Огласот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во училиштето.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година нема да биде обезбеден, ако избраниот вид образование (струка или насока) го има во општината односно регионот.

Доколку се пријават поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во овој Оглас, се организира Квалификациско тестирање по наставниот материјал за осмо и деветто одделение по наставните предмети мајчин јазик и математика.

Квалификациското тестирање ќе се организира во училиштата на **28 јуни 2024** година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на **28 јуни 2024** година, на огласната табла на училиштето.

За второто пријавување, квалификациското тестирање ќе се организира на **5 јули 2024** година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на **5 јули 2024** година, на огласната табла на училиштето.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ЌЕ ИМА НА ВЕБ СТРАНАТА НА УЧИЛИШТЕТО И НА ОГЛАСНАТА ТАБЛА ВО УЧИЛИШТЕТО.**

**Април, 2024 година**

**СОУ ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ“ КАВАДАРЦИ**
**Училишна комисија за запишување ученици**